**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4768/**

# З А П И С Н И К

**Од 190.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 12.07.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** Косана Мазнева Николиќ и д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

***190.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот 189.седница на Програмски совет на МРТ.

**2.**Дискусија за завршниот извештај на проектот на ЕУ за поддршка на Јавните медиумски сервиси во Западен Балкан и предлози во кои области треба да продолжи проектот.

**3.** Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 189.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 189.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 189.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Дискусија за завршниот извештај на проектот на ЕУ за поддршка на Јавните медиумски сервиси во Западен Балкан и предлози во кои области треба да продолжи проектот.**

По однос на оваа точка Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац, имаше детално излагање во врска со завршниот извештај на проектот на ЕУ за поддршка на Јавните медиумски сервиси во Западен Балкан и предлози во кои области треба да продожи проектот. Истакана дека проектот траеше 4 години и дека доставувани се извештаи до Програмскиот совет а РМТ во врска со проектот. Притоа истакна дека како резултат на овој проект до членовите на ПС се доставени двата главни документи: Принципи за финансирање на јавните медиумски сервиси и принципи на управување на јавните маедиумски сервиси кои биле усвоени во овие 4 години, исто така ја истакна значајноста на овој проект. Понатака претседателката ги изнесе конкретните работи кои се однесуваат за ЈРП МРТ. И беше договорено членовите по маил да достават миселње.

**ТОЧКА3:Разно.**

Ведат Мемедалија, заменик на претседателот на програмскиот совет на МРТ, по однос на третата точка во своето излагање се задржа на поштата пристигната до Прогамскиот совет, односно за Одлуката за избор на програма. Притоа истакна дека треба да се има предвид буџетот на МРТ, особено што поголем дел од обврските по однос на овие проекти ќе бидат во наредните години, а во овој момент не се знае со колку средсдтва ќе располага МРТ наредните години и истакна дека има голема сличност во избраните проекти особено дека станува збор за слично проекти од исти продукциски куќи. Истот така истакна дека се работи за проекти кои ќе чинат околу 3 000 000 евра, а притоа нема ниту еден проект за МТВ 2. Во ситуација на криза, кога се нема предвид за финансиските средства со кои ќе располага МРТ за идната година, истакна дека може да се дојде до ситуација на неликвидност, при што истакна дека треба да се застане особено кога и синдикатите во државата како и во МРТ бараат зголемување на платите, односно дека треба да бидат претпазливи како не би се довеле во ситуација на блокади и плаќање на камати. Во втоиот дел од обраќањето истакна дека иако претходно побарал еден член од Комисијата за избор на програма да биде повлечен поради тоа што е под истрага, тој е се уште член на Комисијата.

Смилка Јанеска Саркањац, Претседател на Програмскиот совет, истакна дека се согласува со Ведат Мемедалија, односно дека треба да се запре со склучување на нови договори, се додека не се види прво дали има доволно пари и од кои години се зафаќа буџетот. При што предложи да се донесе заклучок со кој МРТ ќе овозможи механизми со кои ќе се заштити од преземање на идни обврски без прито да се има увид во средствата со кои ќе располага.

Ристе Панов, член на Програмскиот совет истакна дека фокусто треба да биде на финансискиот апсект, за да не се добие впечаток дека Програмскиот совет се меша во уредувачката политика на куќата.

По однос на оваа точка Претседателот на програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац предложи Заклучок:

●Поради непредвидливоста на финансиските средства кои во изминатите години и се доделуваат на МРТ од страна на Буџетот на РСМ, се задолжува Директорот и службите до усвојување на Годишната програма за работа и финансискиот план за 2023 година или додека не се добие релевантна информација за финансиските средства за 2023 година да не се преземаат дополнителни финансиски обврски за копродукциски проекти и останати програмски права за периодот од 2023 година па натаму, освен за веќе потпишаните.
За секоја обврска која е од важен програмски интерес, а се однесува на периодот од 2023 година па натаму пред да се потпише договор за истата, да се образложи и побара согласност од Програмскиот совет во согласност со Надзорниот одбор на МРТ.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 11:40 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател